## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

(Број на Службен весник:188/2025)

**Член 1**

Во Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Македонија” број 66/24) во член 519 ставот (3) се менува и гласи: „Постојните акти на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој закон.”.

**Член 2**

Во членот 520 ставот (4) се менува и гласи: „Постојните акти на Македонската Берза АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25), се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој закон.”.

**Член 3**

Во член 521 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

**Член 4**

Во член 522 во ставот (1) зборовите: „12 (дванаесет) месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

**Член 5**

Во член 523 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

**Член 6**

Во член 525 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.
Во ставот (2) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

**Член 7**

Во член 528 во ставот (2) зборовите: „1 јануари 2028 година” се заменуваат со зборовите: „1 јули 2029 година”.

**Член 8**

Во членот 530 зборовите: „18 месеци од денот на влегувањето во сила” се заменуваат со зборовите: „од 1 октомври 2026 година”.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.